- Сектор за финансиски систем –

**Предмет**: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамки на соработката во областа на банкарството помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 7 до 10 ноември 2022 година ќе се одржи Виртуелен семинар на тема: "RISK MANAGEMENT: MARKET RISK FOR BANKS" за учесници од Македонија.

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF - www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е да го продлабочи знаењето на учесниците за подобро да ги разберат основните концепти на пазарните ризици во банкарството.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби ( тимска работа, игра на улоги). Целна група се вработени во банки и останати финансиски институции.

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки .

Апликациите се доставуваат најдоцна до 31 октомври (понеделник) 2022 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица:
Горан Мојаноски тел: 3255-538, email: goran.mojanoski@finance.gov.mk